Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД
Бр. 01-380/1
31.5.2024 год.
ОХРИД

Врз основа на член 94 од Законот за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82/2018, 178/21 и 58/24) и член 181 и член 182 од Статутот на Универзитетот, а во согласност со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот, Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, на седницата одржана на ден 31.05.2024 година, го донесе следниов

П Р А В И Л Н И К
за мобилност на универзитетите во земјата и во странство на на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид

ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник за мобилност на универзитетите во земјата и во странство на Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид (во натамошниот текст: Правилник) се уредуваат основните принципи на дојдовни и појдовни мобилности на студентите и на наставно-научниот, соработничкиот и административниот кадар на Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид (во натамошниот текст УИНТ), постапката за евиденција, видот и времетраењето на мобилност, основните документи, правата и обврските на студентите кои остваруваат мобилност и други прашања поврзани со мобилноста на студентите на универзитети во земјата и странство, според Законот за високото образование и врз основа на интеринституционални договори за размена на студенти, наставно- научен, соработнички и административен кадар.
Со овој Правилник се опфаќаат и прашања за остварување практична работа на студентите во странство во рамките на програмата ЕРАЗМУС ПЛУС и/или други европски програми за размена на студенти.

Професионална, административна и техничка поддршка на мобилностите

Член 2

Работите поврзани со остварување на мобилности на Универзитетот ги администрираат единиците/телата на Унивезитетот наведени во меѓународни интер-институционални договори во соработка со други надлежни лица на единиците на УИНТ.
Ректорот на Универзитетот именува Институционален ЕРАЗМУС координатор кој ги администрира мобилностите во рамки на ЕРАЗМУС програмата во соработка со други надлежни лица на единиците на УИНТ.

Дефиниција на поими

Член 3

(1) **Високообразовна установа** се смета универзитет, висока стручна школа или научен институт;
(2) **Матична високообразовна институција** е институцијата каде студентот е запишан или каде наставно-научниот, научниот, соработничкиот и административниот кадар е вработен;
(3) **Институција домаќин** е институцијата каде се остварува мобилноста;
(4) **Институција партнер** е институцијата со која УИНТ има потпишано договор за меѓународна соработка;
(5) **Појдовен студент** (Outgoing student) е студент на УИНТ кој остварува мобилност во институцијата домаќин;
(6) **Дојдовен студент** (Incoming student) е студент од партнер институција кој остварува мобилност на УИНТ;
(7) **Интеринституционални договори** се договори за меѓународна соработка или соработка со универзитетите на национално ниво во коишто учествува Универзитетот или неговите единици од една страна и партнер институциите од друга страна и Договори од ЕРАЗМУС ПЛУС програмата за мобилност;
(8) **Договорот за студирање** (Learning Agreement) е договор со кој поединецот-студент ја договара програмата на студии на универзитетот домаќин, кој се потпишува од три страни, институција домаќин, матична институција и студентот. Во договорот, покрај другото, се дефинирани времетраењето на мобилноста и предметите и кредитите коишто студентот треба да ги запише и полага на универзитетот домаќин;
(9) **Договорот за професионална пракса** (Learning Agreement for Traineeship) е договор што ја содржи програмата за стручна пракса на институцијата домаќин;
(10) **Уверение за положени испити** (Transcript of Records) е документ во кој високообразовната институција нуди детални информации за постигнатите резултати на студентот (положени предмети, остварени кредити и оценки). Уверението за положени испити мора да биде издадено како официјален документ на македонски, односно и на англиски јазик за меѓународните мобилности;
(11) **Потврда за завршена професионална пракса** (Traineeship Certificate) е документ со кој работодавачот нуди детални информации за завршена професионална пракса и достигнувања на студентот;
(12) **Мислење за компатибилност** на предметните содржини е интерен документ на Универзитетот со кој се прецизира начинот на трансфер на кредити за секој од предложените предмети во Договорот за студирање пред студентот да ја оствари мобилноста, а која се донесува од Комисијата за признавање испити и пренесување на кредити.

МОБИЛНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТИТЕ ВО СТРАНСТВО

Мобилност на студенти

Член 4

Студентската мобилност се однесува на студирање или професионална пракса на институција домаќин, после што студентот се враќа во матичната институција каде што е запишан и ја довршува запишаната студиската програма. Мобилноста на студенти подразбира студирање во текот на редовните студии на прв, втор или трет циклус или професионална пракса на институција домаќин.
Студентската мобилност се реализира во рамките на меѓународен интеринституционалниот договор.

Документи за мобилност на студентите

Член 5

Основни документи за дефинирање на програмата за мобилност врз основа на којашто се признава и се реализира програмата се:

- Пријавен лист (англиски: Application form)
- Договор за студирање на друга високообразовна институција (англиски: Learning Agreement)
- Уверение за оценки (англиски: Transcript of Records)
- Договор за професионална пракса (англиски: Learning Agreement for Traineeship)
- Потврда за присуство во институцијата домаќин (Certificate of Attendance)

Договор за студирање и договор за професионална пракса

Член 6

Откако студентот е избран за остварување на мобилност, се склучува договор за студирање меѓу студентот, матичната институција и институцијата домаќин, доколку со интеринституционален договор не е поинаку утврдено. Во договорот за студирање се наведуваат: семестарот, академската година, називите на предметите, како и кредитите определени за тие предмети за кои студентот се пријавил на институцијата домаќин.
Откако студентот е избран за реализација на стручна обука се склучува договор за професионална пракса меѓу студентот, матичната институција и институцијата-домаќин (институција/компанија/организација), доколку со интеринституционалниот договор не е поинаку утврдено.
Со потпишувањето на договорот за студирање или договорот за професионална пракса, матичната институција одобрува студентот да оди на мобилност и да ја реализира избраната програма за студирање или програма за професионална пракса, а институцијата домаќин го прифаќа студентот и ја одобрува избраната програма на студирање или практиканство.

Уверение за положени испити и потврда за завршена стручна пракса

Член 7

При пријавувањето за учество во програма за мобилност, матичната институција, на барање на студентот издава уверение за положени испити на англиски јазик.
По остварената мобилност институцијата домаќин издава официјален документ на англиски јазик - уверение за положени испити или потврда за професионална пракса.

ПОЈДОВНИ СТУДЕНТИ

Пријава за мобилност и услови за учество во мобилноста

Член 8

Одделението за меѓународна соработка на Универзитетот во согласност со институционалните договори, ги дефинира постапката, потребните документи, роковите и критериумите за пријава на студенти за мобилност.
Повиците/конкурсите за пријавување на студентите за мобилност се објавуваат на веб страната на Универзитетот а студентите навремено се известуваат за планираните повици преку инфо сесии кои ги организира и спроведува Одделението за меѓународна соработка и Еразмус координаторот. Доколку тоа не е поинаку регулирано со институционалните договори, студентот може да учествува во мобилност под следните услови:

- Во времето на заминување на мобилност да има статус на редовен студент на

Универзитетот и за прв циклус да има запишана втора година на студии. За втор и трет циклус нема услов за минимален број на кредити.
- Да е македонски државјанин или лице со статус на бегалец и лице без државјанство или лице со постојан престој/живеалиште во Република Македонија.
- Да ги исполнува другите услови одредени со институционални аранжмани во чиишто рамки се остварува мобилност.

Постапка за избор на предмети/активности што треба да се реализираат на институцијата домаќин

Член 9

Постапка за избор на предмети/активности што треба да се реализираат на институцијата домаќин во делот на Еразмус програмата е регулирана согласно Еразмус правилата: Конкурс за апликации за мобилности објавен врз основа на Одлука на ректор, Комисија за селекција на мобилности, Номинација и други административно обрвски во делот на Еразмус програмата.
Согласно повикот/конкурсот, селекцијата на кандидатите ја врши комисија за селекција формирана од Ректорот на универзитетот која врши бодување на кандидатите согласно утврдените критериуми во повикот/конкурсот.
При доделувањето грантови за мобилности, да се смета за предност доколку кандидатот не користел грант во последните години.
Комисијата за селекција поднесува Извештај за спроведената селекција до Ректорот на универзитетот и доколку мобилност се реализира според Еразмус + програмата до Еразмус координаторот на универзитетот.
Пред склучување на Договорот за студирање или договорот за професионална пракса за појдовни студенти, студентите треба да извршат консултација за изборот на семестарот, студиската програма и предметите што треба да се полагаат на институцијата домаќин со помош на Институционален ЕРАЗМУС координатор, Службата за студентски прашања и ЕКТС, Комисијата за признавање испити и пренесување кредити.
По утврдувањето листа на предложените предмети за мобилност, се состанува Комисијата за признавање испити и пренесување кредити која треба да донесе писмено **Мислење за компатибилност** којашто го прецизира начинот на трансфер на кредитите по враќањето на студентот на матичната институција. Мислењето може да се достави и во електронска форма преку емаил до кандидатот и до Одделението за меѓународна соработка на Универзитетот.
Доколку во Договорот за студирање се вклучуваат предмети што се задолжителни на матичната институција, во Комисијата од предходниот став се вклучува и предметниот наставник кој треба да оцени во која мерка предметната содржина и резултатите на учење одговараат на соодветниот предмет на матичната институција. Притоа пристапот треба да биде флексибилен, а при донесувањето на одлуката пред сé да се води сметка за степенот на компатибилност на предметните програми и резултатите на учење, односно компетенции што се очекува да бидат стекнати.
Во Мислењето за компатибилност може да се употреби една од следните форми:
- целосно се признаваат освоените кредити од задолжителниот предмет и добиената оценка бидејќи постои соодветност на предметните програми и резултатите од учењето. Доколку бројот на кредитите на институцијата домаќин се разликува од бројот на кредитите на матичната институција, се пренесува број на кредити кој одговара на бројот од предметот на матичната институција;
- предложениот предмет е несоодветен како замена за задолжителниот предмет на матичната институција, но се признава како изборен предмет.

Во однос на предложените предмети во Договорот за студирање коишто треба да бидат пренесени како изборни предмети, Комисијата од став 6 на овој член треба да покаже висок степен на флексибилност. За овие предмети не е задолжително да одговараат на предмети од матичната институција. Единствено е важно избраните предмети да бидат во функција на стекнување компетенции и знаења во соодветната струка. Доколку постои соодветност на избраните изборни предмети на институцијата домаќин со слични на матичната институција, без оглед на евентуалната разлика во бројот на кредитите, се пренесува бројот на кредити кој одговара на предметот од матичната институција. Ако се работи за изборен предмет кој е различен од изборните предмети на матичната институција, Комисијата одлучува за бројот на пренесените кредити врз основа на стекнатите кредити, предметната програма и фондот на часови, а имајќи ја предвид структурата и распределбата на кредитите на изборните предмети на соодветната студиска програма на матичната институција.
Доколку студентот бара во Договорот за студирање да се вклучат предмети коишто не одговараат и не се во функција на стекнување на знаења во соодветната струка, тие можат да се вклучат, но во Одлуката за компатибилност треба да стои дека освоените кредити на вакви предмети коишто не се дел од студиската програма за којашто се издава диплома влегуваат само во Додатокот на дипломата.
Предметите од претходниот став не се внесуваат во табелата А, туку само во Анексот на Договорот за студирање.
По добиеното мислење за компатибилност, студентот може да поднесе образложена писмена жалба до Комисијата од став 6 од овој член во рок од 24 часа од приемот. Комисијата е должна да одговори по жалбата во рок од 3 дена. Доколку одговорот на жалбата е негативен, а студентот се уште не е задоволен, тој може да поднесе жалба до Ректорот/Институционален ЕРАЗМУС координатор на УИНТ кој е должен да одговори во рок од 5 дена. Одлуката на Ректорот/Институционален ЕРАЗМУС координатор е конечна.
Предметите одобрени со Мислењето за компатибилност се внесуваат во Договорот за студирање на следниов начин:
Во табела А се внесуваат одобрените предмети и кредити од институцијата домаќин. Сите успешно положени предмети/кредити во табелата А, ТРЕБА ЗАДОЛЖИТЕЛНО да се признаат и пренесат на матичната институција по реализираната мобилност.
Во табела Б се внесуваат предмети од студиските програма на матичната институција што ќе бидат заменети со предмети на институцијата домаќин. Станува збор за задолжителните предмети и евентуално соодветните изборни предмети. Листите на предмети од табелите А и Б не се задолжително идентични бидејќи табелата А може да содржи одобрени задолжителни и изборни предмети што ги нема на матичната институција.
Ако во семестарот/семестрите кога студентот остварува мобилност има задолжителни предмети на студиската програма на матичната институција што студентот не ги положил, а тие предмети не се вклучени во Мислењето за компатибилност и Договорот за студирање, тогаш на студентот треба да му се стави до знаење дека тие задолжителни предмети ќе треба да ги запише и полага на матичната институција по завршувањето на мобилноста.
Во случај кога од кои било причини дополнително се менува Договорот за студирање со согласност на сите потписници на Договорот, соодветно, со посебен анекс, се менува и Мислењето за компатибилност.
Останатите мобилности произлезени од други меѓународни и национални договори ќе произлезат од обврсите дефинирани во конкретните договори.

Склучување и менување на договорот за студирање и договорот за професионална пракса

Член 10

По утврдувањето на листата предмети и донесувањето Мислење од страна на комисијата од член 9, став 6, Договорот за студирање го потпишуваат студентот, Ректорот од матичната институција и надлежни претставници од институцијата домаќин во делот на Еразмус програмата.
Во останатите интеринституционални или национални договори врз основа на кој се остварува мобилност. Ректорот определува лице одговорно за администрирање на мобилностите во рамки на овие договори. По правило, Договорот за студирање го потпишува Ректорот.
Договорот за професионална пракса се потпишува од страна на студентот, надлежните претставници на матичната институција и институцијата домаќин.
Договорот за студирање или професионална пракса може да се менува само со согласност на сите потписници и сите промени треба да се направат во писмена форма.

Постапка за признавање на мобилноста

Член 11

Студентот, по враќањето од остварена мобилност, го доставува добиеното Уверение со оценки до Одделението за студентски прашања и Еразмус координаторот на Универзитетот/ лицето одговорно за администрирање на мобилностите.
Одделението за студентски прашања во соработка со Комисијата за признавање испити и пренесување на кредити проверуваат дали листата на предмети од Уверението за оценки се совпаѓа со прифатената листа на предмети од Договорот за студирање и Мислењето за компатибилност. Доколку предметите во Договорот за студирање, Мислењето за компатибилност и Уверението за положени испити од институцијата домаќин се совпаѓаат, Комисијата за признавање испити и пренесување на кредити носи Предлог одлука за признавање испити и пренесување кредити и ја доставува на одлучување до Наставно научниот/научниот совет на соодветната единица. Одлуката за признавање испити и пренесување на кредити од Наставно научниот/научниот совет на единицата станува дел од досието на студентот. На овој начин положените предмети и освоените кредити на институцијата домаќин автоматски се пренесуваат на матичната институција.
Доколку во Уверението за положени предмети од институцијата домаќин има предмети што не се внесени во Договорот за студирање и Мислењето за компатибилност и/или во Измените на договорот, се признаваат само кредитите од одобрените предмети. Останатите положени предмети/кредити се внесуваат во Додатокот на дипломата.

Член 12

При споредбата на студиските програми и предмети, заради високиот степен на диверсификација, треба се применува максимална флексибилност и да се почитуваат следниве начела:

<u>Признавање на ЕКТС кредити и предмети</u>

- Мислењето за компатибилност што го донесува Комисијата за признавање испити и пренесување на кредити првенствено треба да се потпира врз предметните програми, очекуваните резултати од учењето и стекнатите компетенции во функција на струката, а не само врз основа на насловот на предметната програма или формата за стекнување на тие знаења и бројот на кредитите (полагање колоквиуми, завршен испит, семинарски работи, есеи, програмски задачи и сл.);

- Во согласност со претходно потпишаниот Договор за студирање и Одлуката за признавање испити и пренесување на кредити од Наставно научниот/научниот совет на единицата, на матичната институција целосно се признаваат предметите и кредитите врз основа на издаденото уверение за положени испити од институцијата домаќин;
- Доколку студентот не положил некој од предметите на институцијата домаќин, матичната институција дозволува полагање на предметот, доколку тој постои во матичната студиска програма, без претходно да посетува настава на матичната институција;
- Признатите изборни предмети не мора задолжително да одговараат на изборните предмети на матичната институција;
- Доколку појдовниот студент запишува помал број кредити на институцијата домаќин, по завршувањето на мобилноста тој може да го запише остатокот кредити до дозволениот број за запишување во текот на еден семестар, а исто така може и да ги полага предметите без претходно да ги слуша на матичната институција.

Признавање оценки

- На студентот му се признаваат и пренесуваат оценките кои ги остварил на институцијата домаќин. За начинот на оценување, според ЕКТС, се користи следниот модел за пренос на оценките

A = 10 (десет)
B = 9 (девет)
C = 8 (осум)
D = 7 (седум)
E = 6 (шест)
F = не положил

Во случај, институцијата домаќин да користи различен систем за оценување, оценките, доколку е можно, се претвораат во оценки на матичната институција.

- Сите оценки што можат да се трансформираат во форма што соодветствува на националниот систем на Македонија, влегуваат во пресметката на просекот на студирање на студентот;
- Оценките што не можат да се трансформираат во форма што соодветствува на националниот систем на Македонија (положил-паднал и сл.) се запишуваат во изворен облик и не влегуваат во пресметката на просекот на студирање на студентот.

Евиденција на признатите предмети, кредити и професионална пракса

- Договорот за студирање, Уверението за положени испити од институцијата домаќин, Мислењето за компатибилност и Одлуката за признавање испити и пренесување на кредити од Наставно научниот/научниот совет на единицата се составен дел од студентското досие.
- Договорот за професионална пракса и потврдата за извршена пракса се составен дел од студентското досие.

Внесување на кредитите остварени преку мобилност во документите што ги издава УИНТ.

Остварените кредити и положените предмети на институцијата домаќин се внесуваат во Уверението за положени испити што го издава Единицата на УИНТ и тоа на следниот начин:

- Доколку се работи за задолжителен предмет или соодветен изборен предмет, се внесува називот на предметот според студиската програма на матичната институција, во согласност со наведените предмети во табела Б.
- Во случај на изборен предмет за кој нема соодветен предмет на матичната

институција, се внесува називот на предметот на институцијата домаќин на англиски и македонски јазик.

- Оценката се пополнува во форма што одговара на системот на оценување во високото образование во РСМ. Оваа оценка влегува во пресметката на просечната оценка на студирање. Ако оценката е во форма што не дозволува претворање во национална оценка (положил, успешно положил), тогаш се наведува оргиналната оценка преведена на англиски и македонски јазик. Ваквата оценка и предметот не се земаат предвид при пресметката на просечната оценка.
- Доколку студентот остварил кредити и положил предмети што не се наведени во табелата А во Договорот за студирање или со Одлуката за компатибилност се идентификувани како предмети што не се во функција за стекнување знаења во областа на студиската програма, тие предмети и кредити не се внесуваат во Уверението за положени предмети. Овие предмети и кредити се внесуваат во Додатокот на дипломата.

Исплати согласно договорот склучен помеѓу Универзитетот и студентот во рамки на Еразмус програма и останати интеринституционални и национални договори за мобилност се врши согласно одредбите во договорите.

Права на појдовниот студент

Член 13

Појдовниот студент во текот на реализација на мобилноста го задржува статусот на редовен студент на УИНТ.
Појдовниот студент е ослободен од плаќање школарина на институцијата домаќин за предметите што се содржани во Договорот за студирање, освен ако со интеринституционален договор не е поинаку утврдено.
Студентот добива финансиска поддршка за реализација на мобилноста, врз основа на правилата на програмата во чиишто рамки се реализира мобилноста или од други извори на финансирање.
Стекнатите права на студентот во однос на положените и признатите испити и другите права во согласност со Договорот за студирање се неприкосновени.

Должности на појдовниот студент

Член 14

Појдовниот студент е должен да запише семестар на матичната институција без оглед на неговото заминување на друга институција. Службата за студентски прашања го запишува семестарот во индекс и наведува дека студентот остварува мобилност во текот на тој семестар. Појдовниот студент е должен да запише број на предмети и кредити на институцијата домаќин во согласност со правилата на програмата во чиишто рамки се остварува мобилноста, и тоа најмалку 18 кредити. Исклучок од ова правило се студентите коишто работат дипломски, магистерски труд, се студенти на трет циклус или остваруваат пракса.
Студентите коишто остваруваат мобилност може истовремено да запишат предмети на матичната институција до максималниот број кредити во согласност со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот. На ваков начин, на овие студенти им се дава можност да користат испитни сесии на матичната институција, ако тоа не ги попречува обврските од програмата за мобилност на другата институција.
Доколку појдовниот студент не запишува предмети/кредити на матичната институција, службата за студентски прашања во индексот на студентот евидентира дека станува збор за студент на мобилност. Во овој случај студентот на матичната институција плаќа

надоместок во износ на запишаните кредити на институцијата на која ќе ја реализира мобилноста.
Студентот кој реализирал мобилност е должен, по враќањето на матичната институција, да достави до матичната единица и до Одделението за студентски прашања и Одделението за меѓународна соработка на Универзитетот уверение за положени испити или потврда за реализирана пракса издадени од институцијата домаќин.

ДОЈДОВНИ СТУДЕНТИ

Дојдовни студенти врз основа на интеринституционален договор

Член 15

Во делот на Еразмус програмата, странската институција номинира дојдовен студент. Доколку странскиот студент самостојно се номинира, еразмус координаторот на УИНТ го контактира еразмус координаторот на матичниот универзитет на дојдовниот студент.
Доколку номинацијата е во рамки на склучените интеринституционални договори и е во согласност со Еразмус правилата, Еразмус координаторот ја проследува до Одделението за студентски прашања и ЕКТС.
Предлог договорот за студирање доставен од институцијата партнер до Одделението за меѓународна соработка на Универзитетот се проследува до Одделението за студентски прашања и ЕКТС.
Ако договорот за студирање се прифати, тој се потпишува од страна на Ректорот и преку Еразмус координаторот на Универзитетот се враќа до институцијата партнер.
По пристигнувањето на дојдовниот студент, службата за студентски прашања на единицата на УИНТ каде доаѓа студентот, истиот го заведува во посебна книга за евиденција на дојдовни студенти.
На единицата на УИНТ каде престојува дојдовниот студент се отвора студентско досие во кое се приложува Договорот за студирање. Договорот за студирање е основа врз која дојдовниот студент слуша и полага предмети во согласност со договорот. Во студенското досие се приложуваат и пополнети пријави од предметните наставници за положените предмети.
Дојдовниот студент е целосно ослободен од плаќање школарина, освен ако тоа не е поинаку решено со интеринституционалниот договор.
Дојдовниот студент ги има сите права и обврски како и редовните студенти на УИНТ.
Стекнатите права на студентот во однос на положените и признати испити и другите права во согласност со Договорот се неприкосновени.
Правата и обврските на дојдовните студенти од останатите национални и интеринституционални договори се регулирани согласно договорите.

Уверение за положени испити

Член 16

По завршувањето на мобилноста, Единицата на УИНТ каде престојувал дојдовниот студент е должна да му издаде Уверение за положените испити на англиски јазик, а во студентското досие се приложува и уверението за положени испити и на македонски јазик.

Информативен пакет

Член 17

Со цел да се обезбедат информации за заинтересираните дојдовни студенти за можностите и условите за студирање на Универзитетот и/или неговите единици, единиците треба да изготват информативни пакети во печатена форма на англиски јазик и истите да ги објават на веб страната на единицата.

Комисијата за настава и наука/Проректорот за меѓународна соработка на Универзитетот има обврска да изготви збирен информативен пакет и истиот да го објави на веб страната на Универзитетот.
Поблиски одредби за изгледот и содржината на информативните пакети на единиците и Универзитетот се дадени со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот.

ДОЈДОВНИ СТУДЕНТИ КОИ СТЕКНУВААТ ДИПЛОМА НА УИНТ

Член 18

Доколку тоа е предвидено со интеринституционален договор и/или е овозможено од програмата за мобилност и договорот за учење, студентот може да стекне диплома за завршно звање на УИНТ.
Во овој случај правилата, условите и критериумите за упис на студент од странска високообразовна институција на студиска програма на УИНТ се заменуваат со Договорот за студирање и правилата, условите и критериумите на програмата што овозможува ваков вид на мобилност регулирани со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на УИНТ.

Член 19

По одобрувањето на мобилноста, Комисијата за настава и наука ја доставува документацијата (диплома за претходен степен на образование, уверение за познавање на јазик, мотивационо писмо) за дојдовниот студент до соодветната единица на УИНТ.
На Единицата се отвора досие на студентот и се регистрира во посебна книга за евиденција.

Член 20

Студентот кој доаѓа да стекне диплома за завршно звање на УИНТ, ги има сите права и обврски како и редовните студенти на УИНТ.
Бидејќи овие студенти доаѓаат врз основа на меѓународна програма и се примателиа на стипендии коишто треба да се правдаат во дадени рокови, Единицата домаќин треба да ги следи најкратките можни административни рокови во врска со спроведување на постапките за изработка и одбрана на дипломски, магистерски и докторски трудови.

Член 21

По завршувањето на сите обврски во врска со студиската програма, студентот добива соодветна диплома од УИНТ, како и уверенија, од кои едно за завршен циклус на студии, а едно со оценки од наставните дисциплини и освоениот број кредити.

МОБИЛНОСТ НА АКАДЕМСКИ И АДМИНИСТРАТИВЕН КАДАР

Мобилност на вработени на УИНТ

Член 22

Мобилноста на академски и административен кадар се однесува на вработените на УИНТ кои одреден период престојуваат на институција-домаќин. Право на мобилност имаат:
вработени избрани во наставно-научно, научно, наставно - стручно и соработничко звање со заснован работен однос на УИНТ и неговите единици и
ненаставен кадар (административен и стручен персонал) вработен на неопределено

време на УИНТ и неговите единици.
Надворешните соработници и вработените со договор немаат право да остваруваат мобилност.

Облици на мобилност

Член 23

Академскиот и административниот кадар на УИНТ може да учествува во следниве форми на мобилност:
Мобилност во рамките на билатерални универзитетски договори склучени со партнерски институции во странство;
Мобилност во рамките на билатералните договори склучени од единиците на УИНТ со партнерските институции во странство;
Мобилност врз основа на договори со партнерските институции во рамките на европски програми за мобилност;
Мобилност во рамките на проекти;
Мобилности во рамките на програмата Еразмус;
Други форми на мобилност во кои се вклучуваат Универзитетот и единиците

Член 24

Видот и траењето на мобилноста се дефинирани со интеринституционален договор и распишан конкурс врз чија основа се остварува мобилноста.

Пријава за мобилност и избор на кандидати

Член 25

Пријавувањето, начинот и критериумите за избор на кандидати се дефинира со интеринституционален договор, односно со одредбите на конкурсот во чии рамки се остварува мобилност.

Член 26

Во интеринституционални и национални договори за мобилност, како и во рамки на Еразмус програмата Конкурсот го спроведува Комисија на УИНТ формирана од Ректор составена од три члена.

Еразмус координаторот, односно лицето одговорно за администрирање на мобилностите се задолжени за административните процедури: објава на Конкурс, прием на апликации, достава на апликациите до комисија и слично.

Ако изборот не е поинаку дефиниран со правилата во интеринституционалните договори, Комисијата го прави изборот во согласност со следниве критериуми:
Претходен број реализирани мобилности;
Квалитет на предложената програма за работа/акционен план;
Стратешки цели за развој на Универзитетот;
Поттикнување разновидност на понудата за мобилност;
Согласност на матичната институција за реализирање мобилност.

Обврски по завршувањето на мобилноста

Член 27

По враќањето во матичната институција, лицето е должно да достави извештај за реализираната мобилност во согласност со барањата на институционалниот договор и сертификат за присуство.

Обврските по завршувањето на мобилноста во Еразмус програмата и останатите меѓународни интеринституционални и национални договори е регулирано согласно обврските произлезени од Договорот.

МОБИЛНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТИ ВО ЗЕМЈАТА

Член 28

Мобилноста на студентите и академски кадар на УИНТ на други универзитети во Република Северна Македонија се реализира врз основа на билатерален договор за меѓууниверзитетска соработка и врз основа на договор за размена на студенти и академски кадар.

Член 29

Во билатералниот договор за размена на студенти и академски кадар подетално се утврдуваат начинот, процедурите, правата и обврските на сите учесници во реализацијата на мобилност меѓу УИНТ и универзитетите во Република Северна Македонија.

МОБИЛНОСТ ВО РАМКИТЕ НА УИНТ

Член 30

Студентите можат да остваруваат мобилност помеѓу единиците на УИНТ со предмети на други единици на УИНТ што се во функција на матичната студиска програма, надвор од листата на слободни изборни предмети, при што бројот на кредити што студентот ги запишува по семестар не смее да го надмине утврдениот број на кредити во правилниците за прв, втор и трет циклус студии.
Изборот на предметите студентот го прави во консултација и со претходна консултација со Комисијата за признавање испити и пренесување кредити и одобрување од координаторот за ЕКТС.

Член 31

При изборот на изборни предмети од другите единици на Универзитетот бројот на кредити што тие го носат треба да изнесува најмалку колку што е бројот на кредити предвиден за соодветните изборни предмети во студиската програма. Доколку избраниот предмет или предмети од другите единици на Универзитетот носат помал број кредити од бројот предвиден со студиската програма на матичната единица, студентот треба да избере и дополнителен изборен предмет при што вкупниот број кредити што треба студентот да го освои за да ја заврши соодветната студиска програма треба да изнесува минимум 180 односно 240 кредити за прв циклус, односно минимум 300 кредити за втор циклус студии.
Откако студентот ќе го изврши изборот на предметот, истиот во текот на тековната академска година не може да се менува.
Доколку студентот не го положи избраниот предмет од претходниот став, а за наредната академска година избере друг предмет, новоизбраниот предмет го запишува по прв пат.

Член 32

Евиденцијата на запишани кредити од изборните предмети студентот ја реализира на матичната единица во согласност со предвидениот број кредити на изборните предмети од единицата на којашто студентот го избрал соодветниот предмет. Финансиската обврска за запишаните изборни предмети студентот ја реализира на единицата на Универзитетот на којашто е избран предметот и тоа според висината на надоместокот за партиципација односно кофинансирање и бројот на кредити утврден на единицата на којашто студентот го избрал предметот.

Извршената финансиската обврска од претходниот став се евидентира од страна на единицата на којашто е избран предметот.
Матичната единица не сноси никакви финансиски обврски кон единицата на којашто студентот избрал предмет во случај на негово евентуално неисполнување на финансиските обврски кон единицата на којашто е избран предметот.
При запишувањето на кредитите и нивната уплата, единиците и студентот се должни да се придржуваат кон одредбите од Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот.

Член 33

По запишувањето на изборните предмети, до единицата на Универзитетот од којашто се избрани предметите, матичната единица доставува список на студенти кој содржи: реден број, број на досие, име, татково име и презиме на студентот, предметот/те што го/ги запишал, потпис на овластеното лице и печат на матичната единица. Избраната единица доставува копија од овој список до предметните професори на таа единица на којашто се избрани предметите и тоа претставува основа за прифаќање на студентот и негово вклучување во предвидените активности во рамките на избраниот предмет.

Член 34

Студентот кој посетува настава и полага испит на друга единица на која извршил избор на предмети ги има истите права и обврски како студентите запишани на таа единица.

Член 35

По завршувањето на завршното оценување и објавувањето на конечните резултати од завршното оценување, единицата на која студентот го избрал и го положил предметот, најдоцна во рок од 20 (дваесет) дена до матичната единица ја доставува целокупната документација за оценувањето на студентот, во согласност со Упатството за начинот на оценување на колоквиумите и другите форми на континуирано оценување, како и формата на евиденција на постигнатите резултати, донесени од Ректорската управа.
При изборот на изборни предмети кои се избираат на други единици на Универзитетот се запишува бројот на кредити кој го носи соодветната наставна дисциплина на единицата на која студентот го полагал предметот.
Стекнатите права на студентот во однос на положените и признати испити и другите права во согласност со Договорот се неприкосновени.

Член 36

Доколку студентот не го положи избраниот предмет на другата единица во роковите определени со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот, истиот повторно го запишува во согласност со одредбите на Правилникот за ЕКТС и овој Правилник.

Член 37

Ангажирањето на академскиот кадар на различни единици во рамките на УИНТ се реализира врз основа на други акти на УИНТ и не спаѓа во доменот на овој Правилник.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 38

Овој Правилник се применува за мобилностите кои ќе отпочнат по неговото влегување во сила. Мобилностите коишто отпочнале пред донесувањето на овој Правилник, ќе

продолжат да се реализираат согласно установените правила и пракса пред стапување во сила на овој правилник.

Член 39

Овој Правилник влегува во сила на денот на неговото објавување во Билтенот на Универзитетот.

Претседател на Универзитетски сенат
доц. д-р Расим Салкоски, с.р.